*Весна ДИМИТРИЕВСКА*

**УДК:364.662-054.5:316.662(497.7)**
Изворен научен труд

# ПЕРСПЕКТИВАТА НА НОВООСИРОМАШЕНИТЕ ГРАЃАНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Апстракт***

*Сиромаштијата е мултидимензионален феномен што одговара на извесни животни услови кои значат неможност да се учествува во општествениот живот на заедницата на која ѝ припаѓаме. Сиромашни имало, ги има и денес, насекаде во светот.*

*Повеќегодишните мерења и квалитативни анализи на сиромаштијата во Република Македонија, овозможија да ги идентификуваме основните профили на сиромашни граѓани.*

*Врз основа на мерењето и анализата на сиромаштијата во Република Македонија, може да говориме за три профила на сиромашни граѓани: традиционално сиромашни, хронично сиромашни и новоосиромашени граѓани.*

*Раководени од Милсовиот творечки опус, во овој труд сме фокусирана кон микросоциолошките истражувања поврзани со сиромаштијата во Република Македонија. Прифаќајќи го неспорниот факт дека секоја општествена појава на овој или оној начин е поврзана со општествената структура во трудот се анализирани новоосиромашените граѓани. Посебно внимание е посветено на нивниот статус и улога која ја имаат во Република Македонија.*

***Клучни зборови:*** *новоосиромашените граѓани, општествената структура, статус и улоги*

## Вовед

Историјата за општествениот развој, покажува дека егалитарното општество е неостварен сон за многу теоретичари. Имено, исклучувајќи го родовското општество, општествената нееднаквоста во различни форми е присутна скоро во сите типови на општества. Сепак, со настанокот на приватната сопственост, дефинирањето на класата на богатите и класата на сиромашните се чини дека е поставен темелот на општествените нееднаквости. Класната поделба подразбира нерамномерна распределба на материјалните и другите ресурси потребни за достоен живот. Во такви околности, денес голем број од луѓето живеат во сиромаштија. (Jeffrey D. Sachs, 2015)

Во овој труд, нашиот интерес е фокусиран токму кон тој структурален облик на општествено создадена нееднаквост - сиромаштија.

Сиромаштијата е мултидимензионален феномен што одговара на извесни животни услови кои значат неможност да се учествува во општествениот живот на заедницата на која ѝ припаѓаме. За сиромашни се сметаат лица, семејства и групи лица чии ресурси (материјални, културни и социјални) се на такво ниво што ги исклучува од минимално прифатливиот начин на живеење во земјата во која живеат.(http://epp.eurostat.ec.europa.eu).

Светска банка проценува дека денес во земјите од Западен Балкан, 1,5 милиони луѓе живеат во екстремна сиромаштија. (http://www.utrinski.mk)

Со преминот кон пазарна економија, во 1991 година, Република Македонија го означи почетокот на долгата и социјално тешка транзиција. Процесот на транзиција беше придружен со приватизација, реструктурирање на претпријатијата и затворање голем број на непрофитабилни индустриски капацитети. Како последица на тоа голем дел од работната сила во Република Македонија, беше претворена во технолошки вишок. Стапките на невработеност и сиромаштија забележаа остар пораст, а животниот стандард значително се влоши. Во ваква ситуација, сиромаштијата и социјалната исклученост, како комплексни и мултидимензионални проблеми, беа проследени со негирање на човековите права, на што укажува фактот дека ранливите групи население не беа во можност да си ги задоволат основните животни потреби. (Доневска, М. и др. С.2011:10)

Според нашите истражувања, во досегашниот транзициски период, најранливи групи од ризикот на осиромашување во Република Македонија се: невработените лица без никакво или основно образование; вработени лица без образование и квалификации, лица со ниско образование, лица кои се наоѓаат околу граничната линија на сиромаштија; лица кои долго време бараат работа; семејства со неполнолетни деца; семејства со поголем број членови и невработените млади брачни парови.

Повеќегодишните мерења и квалитативните анализи на сиромаштијата во Републиката, овозможија идентификување на три основни профили на сиромашни семејства: традиционално сиромашни; хронично сиромашни и новоосиромашени семејства. (Марија, Д. Весна Д. Благица Н. 2011: 113)

Новоосиромашените семејства се „жртви" на транзициските процеси во нашата Република. Во оваа група на сиромашни лица, спаѓаат членовите на семејствата кои долго време останале невработени или се вработени, но примаат ниски и нередовни плати. Во оваа група на сиромашни граѓани се наоѓаат и поголемиот број од стечајните работници.

Овие семејства, често пати немаат никакви приходи или реалните приходи им се многу ниски. Најчесто, тоа се семејства кои порано припаѓале на средниот социјален слој. Интересни се сознанијата што во овој профил на сиромашни граѓани може да се забележат лица кои имаат

више или високо образование. Но сепак најголем е бројот на оние кои имаат завршено средно образование. (Димитриевска, 2015)

Во овој труд не сакаме да ги оспоруваме научните претпоставки за поврзаноста на економската благосостојба во досегашниот транзициски период и состојбата на сиромаштијата, ниту пак ќе говориме за општествено создадени нееднаквости кои условија постојано зголемување на бројот на сиромашните семејства, ниту како се одвиваше процесот на приватизација.

Нашиот интерес е насочен кон анализа на перспективата на новоосиромашените семејства во Република Македонија.

За таа цел анализирана е меѓусебната интеракција на членовите од новоосиромашените семејства: внатре во нивните примарни семејствата, помеѓу нивните роднини и пријатели и општествените групи со кои тие комуницираат.

Во трудот се бара одговор на прашањата: Каква е позицијата на овие семејства во општествената структура? Како членовите од новоосиромашените семејства се однесуваат со другите луѓе од заедницата? Дали долготрајната состојба на сиромаштија, регрутира втора генерација на сиромашни семејства? Дали новородените членови добиваат предодреден статус? Каков е нивниот статус на микрорамниште на општествената структура (нивното семејство, групата на врсници, установите каде работат и сл.) и на макрорамниште?

За реализација на поставените цели користени се податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија и релевантни податоци од други научни истражувања. Исто така, за потребите на овој труд, авторката користи податоци од истражувањето за квалитетот на живот кај 420 сиромашни семејства. (Димитриевска, 2008:51).

Заклучоците за перспективите на новоосиромашени семејства, се поткрепени и со податоци добиени од квалитативно истражување, спроведено кај 30 новоосиромашени семејства.

Раководени од целите, користен е панел-лонгитудинален нацрт на истражување за 30-те семејства, за период 2000, 2005, 2010 и 2015 година.

Во рамките на спроведеното истражување направена е студија на случај за три новоосиромашени семејства.

## 1.Резултати од истражувањето

Анализата на податоците од панел-лонгитудиналното истражување, спроведено кај 30-те новоосиромашени семејства, упатува на следните заклучоци во однос на интеракцијата на членовите.

### *1.1.Интеракција на сиромашните членови 2000, 2005, 2010, 2015 година*

Прашањата поврзани со интеракцијата на општествените групи се едни од темелните прашања во социологијата. Во социолошката литература, нема единствено мислење, во однос на класификацијата на интеракција кај социјалните групи. За нас прифатлива е поделбата на коњуктивни и дисјунктивни процеси на интеракција. (Фјаменго,1977: 286).

Главни облици на коњуктивните процеси на интеракцијата на општествените групи се: кооперацијата, акомодацијата и асимилацијата. Основните облици на дисјунктивните процеси на интеракција (процеси на разделување) се компетиција (натпревар) и конфликт. (Фјаменго,1977:287)

Анализите на резултатите поврзани со интеракцијата на новоосиромашените семејства во 2000 година, говорат дека тоа е период на приспособување на овие семејства кон новонастанатата состојба. Коњуктивните процеси на интеракција со членовите од семејството, пријателите и роднините главно се во рамките на кооперација. Во процесите на реализирање на своите индивидуални или групни интереси членовите на овие семејства покажуваат заемен почит и развиваат пријателски односи.

На микрорамниште на општествената структура, видливи се зачетоци на опаѓање на авторитетот на родителите. Новонастанатата состојба, многу често ги доведува членовите на овие семејства да не можат да ги задоволат основните материјални, културни и социјални потреби. Чувството на одговорност за новонастанатата состојба, силно е изразена кај родителите. Оваа состојба понекогаш доведува до дисјунктивна интеракција помеѓу членовите од овие новоосиромашени семејства. Видливо е несогласување помеѓу децата и родителите, особено со татковците. Најчесто нивната интеракција е проследена со вербални конфликти.

Загрижувачки се ставовите на децата од новоосиромашените семејства. Имено, тие сметаат дека не се многу посакувани во групата на врсници кои се подобро ситуирани од нив. Во однос на социјалното групирање, анализата на добиените податоци за 2000 г., укажува дека поголем број од децата од новоосиромашените семејства се дружат со деца кои имаат сличен статус како нивниот.

Интересна е интеракцијата на возрасните членови со членовите од други општествени групи.

На пример, кај поголем број од возрасните членови, во процесот на барање работа видливи се нивните настојувања да се приспособат кон членовите од тие групи, иако тој процес на приспособување кај нив како што велат тие „е понижувачки и го зголемува веќе присутното чувство на немоќ и неправда“. Ова чувство има свое влијание и врз дисјунктните процеси на интеракција, кои најчесто се проследени со вербални караници.

Вработените лица од овие семејства, чувствуваат промена на нивниот статус на работните места. Коњуктивните процеси на интеракција со лицата кои се на раководни позиции се во форма на приспособување.

Интересен е податокот што во меѓусебните комуникации со други лица надвор од нивното потесно семејство, новоосиромашените лица многу често се приспособуваат на условите кои им ги наметнуваат другите. Тој процес на приспособување, како што поголем број од истражуваните лица велат „тешко го поднесуваме, особено на работните места“.

Во процесите на интеракција со вработените, поголемиот број од новоосиромашените лица, сметаат дека нема соработка помеѓу нив и останатите вработени во фирмите каде работат. Видлива е послушноста кон претпоставените. Ова нивно однесување се должи на стравот кој го чувствуваат, да не бидат отпуштени од работа.

Поголемиот број од возрасните членови од новоосиромашените семејства, чувствуваат дека новонастаната состојба им условува промена на нивниот општествен статус. Интересен е податокот што тие во овој период сè уште се трудат да се однесуваат во склад со очекуваните улоги што ги имале пред да осиромашат. Ваквото нивно однесување, најчесто е проследено со внатрешен конфликт. Оваа појава повеќе е изразена кај повозрасните членови од новоосиромашените семејства.

Во однос на општествената позиција која ја имаат новоосиромашените семејства, следена преку Веберовата социолошка парадигма (Петровска, Б. и др.:1998,275), воочлива е промена на богатството и моќта, кои ги имаат. Меѓутоа, во однос на угледот на овие семејства, сè уште не се видливи значајни промени. Поголем број од анализираните семејства во овој период сè уште располагаат со добра и услуги, потекнуваат од средноситуирани семејства, имаат оформено средно или високо образование. Нивниот општествен статус сè уште е неконзистентен. (Haralambos, 2002:22,290)

Како последица од непроменетата материјална состојба во 2005 година, кај овие семејства видливи се промени во интеракцијата помеѓу членовите во семејството, особено кај сопружниците, но и со другите социјални групи. Слабее улогата која ја има мажот (главата на семејството) во семејството. Слабеат интеракциите со пријателите. Незначителни се промените во интеракцијата со роднините, браќата и сестрите. Продлабочен е револтот кој го имаат членовите на овие семејства кон некои институции (Заводот за вработување, здравствените институции, електродистрибуција, водоводи сл.).

Во овој период интеракциите на членовите на новоосиромашените семејства во нивните семејства, роднините и пријателите, главно се во рамките на кооперација. Во овој период, видливи се зачетоците на слабеење на коњуктивните процеси на интеракција со членовите од потесното семејство и роднините.

На микрорамниште на општествената структура, видлива е намалена интеракцијата со другите социјални групи. Коњуктивните процеси на интеракција сè повеќе се насочени кон приспособување на состојбата во која се наоѓаат овие сиромашни семејства. Кај дисјунктивните процеси на интеракција сè повеќе отсуствуваат компетициските (натпреварувачки-

те) интеракции, скоро кај сите членови од овие семејства. Одговорноста за нивната непроменета состојба им ја префрлаат на политичарите. Во овој период, видливи се кооперативни интеракции помеѓу стечајните работници за остварување индивидуални/групни интереси, манифестирани преку штрајкови.

Меѓутоа, од разговорите со возрасните членови на новоосиромашените семејства, не може да се утврди дека конфликтите, дисјунктивни процеси на стечајните работници, се во насока да ја променат нивната состојба. Наспроти, поголем број од испитаниците сметаат дека нивното појавување на штрак може да ја влоши и онака лошата состојба.

Од неформалните разговори со некои членови на новоосиромашените семејства, во врска со штрајковите на стечајните работници, добивме впечаток дека тие се плашат од власта, дека се манипулирани од организаторите на штрајковите и штрајкот не го сметаат како средство за подобрување на и онака нивната лоша состојба.

Во овој период, поголем број деца од истражуваните семејства, го оформија своето образование и бараат работа. Значајно е да се истакне нивниот револт и чувството на беспомошност, како што самите велат „сѐ е последица од нискиот општествен статус што го има нивното семејство во нашата држава.“ Тешко се снаоѓаат во секојдневните предизвици. Некои излезот го бараат надвор од државата. За некои сезонските миграции, надвор од државата се решение за нивните проблеми. Интересни се сознанијата што повеќето од возрасните деца од овие семејства не размислуваат да формираат свое семејство (не сакат дури да зборуваат за брак). Видливи во овој период се промените во интеракциите со другите деца. Децата од овие семејства, најчесто се дружат со децата од своето семејство и со децата кои се слични на нив.

Возрасните членови сѐ помалку можат да најдат работа. Најчесто се соочуваат со проблеми кои произлегуваат од нивните несоодветни квалификации за потребите на пазарот на трудот, но не помалку значајни се нивната возраст и партиска непартиципација. Она што самите испитаници го посочуваат како проблем се и парите без кои како што велат не можат да се „преквалификуваат“. Кај нив, во овој период, силно доминантно е чувството на немоќ. Ова чувство има силно влијание врз нивната „заробеност во магичниот круг на сиромаштија“. Впрочем и нивните коњуктивни процеси на интеракција надвор од нивното семејство, сѐ повеќе добиваат форма на приспособување кон другите социјални групи. Некои од вработените лица, сега се без работа. Дел почнале свој бизнис но тешко им оди. Општествената позиција која ја имаат новоосиромашените семејства, во овој период видливо е променета кај поголем дел од анализираните семејства. Во овој период силно се чувствува надостигот од пари. Поголем број од новоосиромашените семејства, ги продаваат повредните предмети од нивниот имот. Сѐ повеќе се задолжуваат кај пријателите, роднините,

кај продавачите каде купуваат производи со одложено плаќање, кај банки и сл.

Почнуваат да слабеат кооперативните интеракции со роднините и пријателите. Забележливи се дисјунктивни процеси на интеракција помеѓу членовите од семејствата, проследени со конфликт. Присутни се психолошки проблеми кај членовите од овие семејства.

Поголем број од членовите на овие семејствата имаат нископконзистентен статус.

Во 2010 година, видливи се многу поголеми промени, особено кај семејствата каде нема никакви промени во однос на нивната состојба на сиромаштија. Изразена е затвореност во однос на интеракциите со други членови надвор од нивните семејства.

Во овој период коњуктивните процеси на приспособување кон другите општествени групи, за новоосиромашените граѓани, стануваат проблем. Многу често не се почитуваат заедничките стандарди на посакувано однесување помеѓу членовите од овие семејства, но и надвор од нивните семејства. Другите лица надвор од нивното семејство почнуваат да ги избегнуваат. Продлабочен е нивниот нископконзистентен стстус.

Поголем број од децата кои се работоспособни, сè уште не се вработиле. Иако се возрасни не размислуваат да основаат свое семејство. Оние кои стапиле во брак, се соочуваат повторно со проблемот на осиромашување. Особено изразена е состојбата кај семејствата кои имаат деца. Поголем број од новородените деца, добиваат предодреден статус (сиромашни деца).

Резултатите од истражувањето укажуваат дека во 2015 година, кај поголем број од новоосиромашените семејства се продлабочени веќе изнесените сознанија. Она што посебно загрижува е затвореноста внатре во нивното потесно семејство. Интеракциите надвор од семејството се редуцирани на минимум. Интересен е податокот што кај поголем број семејства повторно силно е изразена кооперација помеѓу членовите од потесното семејство. Се добива впечаток дека членовите се сплотени едни со други. Меѓутоа, податоците од неформалните разговори говорат дека „таа состојба е принудна за да можат да преживуваат“. Непроменетата состојба, веќе петнаесет години, кај најголем број семејства создала посебна култура на живеење, поконкретно „ адаптирање кон состојбата на сиромаштија“. Се добива впечаток како да отсуствува желбата да се „борат“ за подобра иднина. Својствена е нивната пасивност во интеракциите. Она што особено загрижува е зголемувањето на бројот на втората генерација на сиромашни членови.

Веќе изнесената состојба ќе ја проследиме и низ трите животни стории на новоосиромашените семејства во Република Македонија.

### *1.1.1.Случај 1*

Анализата која следува е правена во однос на главата на семејството.

Едно од многуте новоосиромашени семејства во Република Македонија е семејството Марковски. Ова семејство има четири члена. Сопругот е роден во 1957 година. Вработен бил во Стаклара - Гостивар како шеф на магацин. Има работен стаж од 19 години, а завршено средно образование. Сопругата е родена во 1959 год. Има завршено средно училиште. Синот е роден во 1979 год. Има завршено средно економско училиште. Со нив живее таткото на сопругот, пензионер.

Животни услови (2000 година) живеат во стан од 60 м$^2$. Станот го имаат добиено од фабриката каде работеле двајцата сопружници. Сега го откупуваат. Станот им е добро опремен. Најголемиот дел од покуќнината им е купен после нивната свадба. Проблемите, како што нагласуваат сопружниците им започнуваат во 1989 год. кога сопругата е отпуштена од работа, како технолошки вишок. Според нивното мислење без причина.

Одржувањето на станот, како што истакнува сопругот им „станува проблем". Порано, вели домаќинот: „секоја година варосувавме, сега на 4 и повеќе години". Денес (2000), проблем ни е затоплувањето на станот". Се греат на дрва кои сами ги собираат (со дозвола). Редовно ги плаќаат режиските трошоци. Потрошувачката на електрична енергија им е сведена на минимум. Поседуваат автомобил марка фиат, стар 20 години. Автомобилот го користат строго наменски. Најчесто за превоз до селото каде живее мајката на сопругата. Имено, таа ги снабдува со разни намирници за исхрана.

Животни услови (2015) Сѐ уште живеат во истиот стан, ништо нема обновено, стварите се веќе руинирани. Имаат нов телевизор, како што велат „државата не принуди да го купиме, со промената на операторите, стариот телевизор не фаќа ниеден канал". Не можат да ја плаќаат редовно ратата за станот и режиските трошоци. Неколку пати им е исклучувана струјата. Автомобилот им е неупотреблив. Во овој период, починува мајката на сопругата и татко на сопругот. Сега ја немаат пензијата од татко му, ниту дополнителните приходи од село.

***Како се снаоѓа ова семејство во животот во периодот 2000 – 2015 година***

Од 1989 год. кога после уцената направена врз сопругата (или да ја напушти работата или да го вратат станот), како што говорат сопружниците, нивните животни услови, одат само надолу. Во 2004 година и тој е прогласен за технолошки вишок. Оттогаш живеат со минималната пензија од таткото на сопругот и со помошта од мајката на сопругата. Набрзо ова семејство нема никакви приходи. Починува таткото, набрзо и мајката на сопругата. Семејниот буџет, понекогаш го надополнуваат собирајќи лековити билки. Меѓутоа и тој приход денес (2015) им е ускратен. Имено, како што истакнуваат треба да добијат дозвола за собирање билки. За да добијат дозвола треба да платат извесна сума на пари. Меѓутоа како што вели сопругот „и да позајмат пари може да не ја добиеме дозволата, од-

делни луѓе начесто ја добиваат. Згора на тоа и пласманот на билките сега е отежнат, честопати производите ни скапуваат".

На почетокот (2000) 75 % од семејниот буџет ова домаќинство трошеше за храна, 5 % за режиски трошоци и останатото 20 % за хигиена, облека, бензин, дрва и сл. Во 2015 година состојбата е загрижувачка, ова семејство има недостаток на средства. Сè троши за храна, а за други потреби има недостиг. Порано, како што велат „имавме пријатели и позајмувавме по малку пари, облека, храна и други намирници од нив. Денес сите бегаат од нас никој не ни позајмува. Дури и сопствениците од продавницата каде скоро сите комшии купуваат на почек не ни даваат „роба". Свесни се дека тешко го враќаме долгот. Роднините исто така помалку нè избегнуваат. Немаме скоро никаква комуникација со никого".

*Младите и образованието (2000 - 2015)*

Синот, по завршувањето на средното училиште не го продолжил образованието. Дружењето со другарите, надвор од домот, од ден на ден му станува сè поголем проблем. Како што вели „срам ми е да излегувам, не можам ниту една пијачка да платам". Бара работа, но никако да најде постојано вработување. Поработува сè и сешто, но не како економски техничар. Бил и во странство, но не успеал да остане. Нема девојка, состојбата во која се наоѓа неговото семејство, како што вели „силно влијае врз мене не се чувствувам сигурен во самиот себеси".

Сè уште не е женет, нема ниту девојка, ниту постојана работа. Земал и партиска книшка, работел многу во партијата, но сè останало на ветување. По цели денови седи дома.

*Здравје и хигиена (2000 - 2015)*

Благодарение на доброто планирање, трудот и вештините за приготвување храна од страна на сопругата, исхраната во ова семејство е добра. Секој ден сопругата приготвува различни манџи, дома пече леб, подготвува многу зимница. Собираат разни плодови по планините и прави сокови, мармалади, компоти и сл. Намирниците кои ги користат во исхраната претежно сè од домашно производство, или набавени во продавници каде цената е најниска, најчесто купуваат на големо.

Хигиената е на задоволително ниво. Не се користат скапи производи за одржување на хигиената.

Ова семејство не ги променило навиките во периодот до 2015 година. Денес (2015), силно е изразен недостигот од намирници за приготвување на храната. Храната им е еднолична.

Хигиената е на задоволително ниво, но средствата за хигиена многу рационално ги користат.

Здравјето им е нарушено и на сопругот и на сопругата. Сопругата има висок притисок и ревматски проблеми, тој има проблеми со срцето. Кај синот видливи се психосоматски нарушувања.

Социјалните последици кои ова семејство ги претрпи во овој период не се однесуваат на односите во семејството, туку на промена на стилот на живот. На одмор не биле од 1990 год. Од 2000 до 2015 година, постојано ги намалуваат социјалните комуникации. На почетокот се труделе да одат каде што биле поканувани (свадби, родендени и сл.) притоа скратувајќи од и онака малиот буџет или подарувале нешто што имале одамна купено (на пр. постелнина). Денес скоро не одат никаде. Како што велат „веќе не нè канат ни роднините ниту пријателите, знаат што клошари сме".

### *1.1.2.Случај 2*

Анализата која следува е правена во однос на главата на семејството.

Семејството Георгевски брои четири члена. „Главата на семејството" во 2000 година има 41 години. Тој е стечаен работник и има завршено вишо образование. Сопругата има 38 години и таа е стечаен работник. Таа завршила средно училиште. Ова семејство има две ќерки (14 и 12 години). Едната е прва година гимназија, а втората седмо одделение. Со нив живеат таткото и мајката.

Животни услови (2003) живеат во станбена куќа од 80 м$^2$, со таткото, мајката и помалиот брат и неговата жена. Станот им е добро опремен. Но е многу мал. Се греат на дрва кои сами ги берат од нивниот имот во село. Редовно ги плаќаат режиските трошоци.

Животни услови (2015) Благодарение на помошта од родителите, живеат во сопствен стан од 45м$^2$. Станот е опремен со потребните апарати и мебел. Редовно ги плаќаат режиските трошоци.

### *Како се снаоѓаат во животот во периодот 2000 - 2015*

Откако двајцата брачни партнери останаа без работа се најдоа во тешка материјална состојба. Но благодарение на нивните родители и нивната снаодливост, тие успеаја да си го подобрат животот. На почетокот ги обработуваа нивите на село, се занимаваа со пчеларство, собираа печурки. Сопругот работи извесен период на наплатната рампа, но како што вели тој „поради мојата партиска определба ме избркаа". Со помош на пријатели, родителите и кредит ова семејство, денес има своја такси компанија со 3 свои автомобили.

### *Младите и образованието*

Едната ќерките е прва година гимназија, а помалата седмо одделение. Тие се одлични ученички и имаат позитивен став кон школувањето и аспирациите за продолжување на нивното образование. Немаат никакви пречки во интеракцијата со членовите во семејството и надвор од семејството. Се дружат со нивните врсници во соседството, училиштето и пошироко.

Денес постарата ќерка има завршено Електро факултет. Помага во семејната фирма, и бара работа по струка. Помалата ќерка е прикрај со студите на државниот Економски факултет во Скопје.

*Здравје и хигиена*

Благодарение на добрата организација и слога на сите возрасни членови од ова домаќинство, посебно на мајката, сопругата и снаата од братот, исхраната во ова семејство е добра. Секој ден се приготвуваат различни оброци. Ова домаќинство подготвува многу зимница (прават многу домашни сокови, мармалади, подготвуваат домашно вино и ракија и сл.). Намирниците кои ги користат во исхраната претежно се од домашно производство.

И после петнаесет години не се променети навиките на ова семејство во однос на подготовка на храната. Сопругата и понатака вложува многу напор и вештина да подготвува квалитетна храна, да прави зимници и да го одржува домот и покрај поголемиот ангажман во нивната фирма.

Хигиената е на задоволително ниво.

*Здравствена состојба*

Немаат некои позначителни проблеми. Освен како што вели сопругот „денес (2015), сме изложени на поголем стрес, сами работиме. Приватниот бизнис е многу непредвидлив, но не се жалиме, барем сами заработуваме, не чекаме од други, па знае понекогаш притисокот да ни варира".

Социјалните последици кои ова семејство ги претрпе во овој период не се однесуваат на односите во семејството, роднините и пријателите туку во промена на стилот на живот кој корелираше со нивната состојба на сиромаштија. Во почетокот на истражуваниот период (2000) имаше тенденција на намалена или сведена на минимум социјална комуникација. На одмор одеа само девојчињата, претежно организирано преку училиштето. Поканите за роденденски прослави, слави и слични манифестации многу често ги избегнуваа. Денес (2015) состојбата е променета, но како што велат немаат време за дружење, тоа го препуштаат на децата. Како што вели сопругот „одиме само онаму каде е невозможно да се избегне посетата".

**1.1.3.Случај 3**

Анализата која следува е правена во однос на сопругата на семејството.

Ова семејство го сочинуваат четири члена. Мажот во 2000 година има 47 години, и е стечаен работник, завршил средно образование. Сопругата има 44 години и по своја волја ја напуштила државната работа. Сега работи како козметичарка приватно, завршила средно училиште. Имаат две деца, 16 и 13 години. Ќерката е трета година гимназија, а синот осмо одделение.

***Животни услови***

Во 2000 година, живеат во станбена куќа, сопственост на мајката на сопругата. Куќата просечно е опремена. Не се забележливи промени откога е направена куќата. Редовно ги плаќаат режиските трошоци.

(2015) Живеат во истата куќа, меѓутоа настанати се драстични промени во животните услови на ова семејство. Ништо нема обновено во куќата, таа буквално однатре се распаднува. Стварите се веќе руинирани, а повредните продадени. Немаат нов телевизор, машината за перење одамна им е расипана, како што вели сопственичката „не можам да купам, до гуша сум заглавена". Струјата им е исклучена, подолг период.

***Како се снаоѓа ова семејство во животот во периодот 2000 - 2015***

Од 2000 година, ова семејството живее од средствата кои сопругата ги заработува и од минималната пензија од нејзината мајката. Еден период добро заработувала. Приходот кој го остварувала сопругата од година во година се намалувал. Сопругот подработувал приватно, но не можел да најде постојано вработување.

Денес (2015) тие се разведени. Ова семејство нема никакви приходи. Мајката на сопругата, почина пред 8 години. Досега, ова семејство не поднело барање за социјална помош, како што вели сопругата ѝ било срам. Но тешката и безизлезна состојба ја принуди да го прекрши принципот и во процедура е постапката за доделување социјална парична помош.

***Младите и образованието***

(2000) Ќерката е трета година гимназија, а синот осмо одделение. Овие деца многу малку се дружат со нивните врсници.

(2015) Овој период ќерката почнува да работи по кафулиња, често пати ноќите ги поминува со сомнителни клиенти, консумирајќи одредени наркотици. Се запишува на Правниот факултет, но сè уште не го завршила. Сега немаме контакт со неа, мајка ѝ вели дека живее со татко ѝ.

Синот, во овој период завршува средно училиште, одвреме-навреме работи кај комшијата кој има приватна фирма (повеќе од сожалување, а не од реалната потреба од таков профил). Синот воопшто не комуницира скоро со никого, многу е затворен во себе.

***Исхрана, здравје, хигиена***

На почетокот ова семејство немаше проблеми со исхраната, благодарение на помошта од мајката, која ги снабдуваше со прехранбени продукти и честопати им приготвуваше храна. Но како што ова семејство запаѓаше во криза така и исхраната стануваше сè полоша. Причината пред сè е немањето средства, но и недомаќинскиот однос на сопругата. Кога има

троши нерационално, кога нема гладува. Во последниот период според изјавата на сопругата, се случува и по неколку дена да пие само вода.

Хигиената на почетокот беше на задоволително ниво. Но денес загрижува.

Здравствената состојба на почетокот беше стабилна, денес нарушена, пред сѐ на сопругата.

Последици: Ова семејство во истражуваниот период од 2000 до 2015 година целосно пропадна. Родителите се разведоа. Ќерката тргна по лоши патишта (наркотици, проституирање). Синот се самоизолира, не комуницира со никого, нема девојка, нема работа. Мајката, многу краток период излезот од тешката состојба го побара во проституција, но не успеа и морално пропадна.

## 2. Заклучни согледувања

Врз основа на изнесените сознанија, од панел-лонгитудинално истражување и трите случаи, произлегуваат следните констатации и препораки.

- Неспорно е дека новоосиромашените семејства, имаат лош квалитет на живот, со самиот факт што се сиромашни. Нивниот квалитетот на живеење е во директна корелација со времетраењето на состојбата на сиромаштија. Колку подолго трае состојбата на сиромаштија, толку е поголем ризикот од: влошување на нивните животни услови, социјалната комуникација, функционални нарушувања, психо-соматски болести и психолошки проблеми.
- Новоосиромашените семејства, кај кои не се видливи промени (позитивни), стануваат отуѓени и дистанцирани од нормалните текови во Република Македонија. Сѐ повеќе видлива е нивната социјална исклученост.
- Времетраењето на состојбата на сиромаштија влијае врз видот на интеракциите на членовите од овие семејства. Интеракцијата со членовите од семејството, пријателите и роднините главно е во рамките на кооперација. Како што времето одминува така и интеракцијата со членовите од семејството преминува во противставеност (антагонизам). Особено изразени се несогласувањата помеѓу децата и родителите. Најчесто нивната интеракција е проследена со вербални конфликти.
- Најчесто, во овие семејства, слабее улогата која ја има мажот (главата на семејството) во семејството.
- Времетраењето на состојбата на сиромаштија, влијае и врз интеракциите со пријателите. Колку е подолго времетраењето на состојбата на сиромаштија толку повеќе слабеат интеракциите со

пријателите. Воедно почнуваат да слабеат кооперативните интеракции со роднините и пријателите.

- И на микрорамниште на општествената структура, времетраењето на состојбата на сиромаштија негативно е видлива врз интеракцијата со другите социјални групи.
- Кооперативните интеракции помеѓу стечајните работници за остварување индивидуални/групни интереси, манифестирани преку штрајкови, не ја изразуваат вистинската потреба на новоосиромашените семејства.
- Поголем број од членовите од овие семејствата имаат нискоконзистентен статус.
- Непроменетата состојба, особено кај семејствата каде што нема никакви промени во однос на нивната состојба на сиромаштија, влијае кон сѐ поизразената затвореност на членовите од новоосиромашените семејства, во однос на интеракциите со други членови надвор од нивните семејства. Во овој период коњуктивните процеси на приспособување кон другите општествени групи, за новоосиромашените граѓани, стануваат проблем. Другите лица надвор од нивното семејство почнуваат да ги избегнуваат. Поголем број од новороденте деца, добиваат предодреден статус (сиромашни деца).
- Времетраењето на состојбата на сиромаштија, придонесува да се продлабочи нискоконзистентниот статус на членовите од новоосиромашените семејства.
- Долгиот период на непроменетост на состојбата на сиромаштија, наметнува потреба повторно од зајакнување на кооперацијата помеѓу членовите од потесното семејство.
- Загрижувачко е сознанието што е зголемен бројот на втората генерација на сиромашни членови и е продлабочен нивниот нискоконзистентен статус.
- Голем број експерти за сиромаштија, говорат дека инвестицијата во образованието е ефикасно решение за намалување на сиромаштија. Меѓутоа, резултатите од истражувањето упатија на заклучокот дека времетраењето на состојбата на сиромаштија влијае врз ставовите на родителите и децата кон образованието. Имено, колку е подолг периодот на состојба на сиромаштија, ставовите на родителите за сопственото и за образованието на нивните деца, преминуваат од позитивни кон негативни.
- Колку е подолг периодот на состојбата на сиромаштија толку е поголем ризикот од самоизолација на членовите од овие семејства. Загрижуваат сознанијата во однос на социјалното групирање. Имено, децата од овие семејства најмногу се дружат со деца кои се слични или исти како нив.

******

Изнесените заклучоци непосредно ги посочија одговорите на поставените прашања: Каква е позицијата на овие семејства во општествената структура? Како членовите од новоосиромашените семејства се однесуваат со другите луѓе од заедницата? Дали долготрајната состојба на сиромаштија и кај овие семејства регрутира втора генерација на сиромашни семејства? Дали новородените членовите добиваат предодреден статус? Каков е нивниот статус на микрорамниште на општествената структура (нивното семејство, групата на врсници, установите каде работат и сл.) и на макрорамниште?

Неспорен е заклучокот дека новоосиромашените семејства, кои не го промениле својот статус, стануваат социјално исклучени во нашата држава. Имено, резултатите укажаа дека поголемиот број од истражуваните семејства не може ефективно да партиципира во економскиот, културниот и социјалниот живот во Република Македонија и на определен начин стануваат отуѓени и дистанцирани од нормалните текови на општеството.

Меѓутоа, перспективата на новоосиромашените семејства е во градењето и доследно имплементирање на поширока и поефикасна општествена акција за надминување на неповолните состојби со кои се соочуваат членовите од новоосиромашените семејства во Република Македонија.

**Литература**

Димитриевска В. (2008), Влијанието на образованието врз ставовите на сиромашните семејства и факторот образование, *Годишен зборник*, Филозофски факултет, Скопје

Dimitrievska,V. (2015). Qualitative analysis of the newly impoverished families in the Republic of Macedonia,Journal of Social Policy,11/2

Доневска, М. Димитриевска, В. Новковска, Б. (2011). *Сиромаштија - состојби во Македонија.* Скопје: Филозофски факултет

Доневска, М. и др. (2011). *Студија за сиромаштија и социјална исклученост во Република Македонија,* Локални социјални проблеми и потреби, Скопје: Мозаик

Fiamengo, A. (1977), *Osnove opće sociologije.* Zagreb: Narodne novine

Jeffrey D. Sachs (2015). *Dhe End of poverty econoomic possibilities for our time, New York*

Harlambos, M. Holborn, M. (2002). *Sociologija*. Zagreb: Golden marketing

Nikolovska Natalija, Davkova S. Gordana (2001) *Makedonskata tranzicija vo defekt*, Skopje: MAGOR.

Петровска, Б. и др. (1998). *Социологија*. Скопје: НИП „Студентски збор"

Šućur, Z. (2001). *Siromaštvo*, Zagreb

http://epp.eurostat.ec.europa.eu

http://www.utrinski.mk/?ItemID=9EFF00E2F4194E4290DE18C17CC816E112.7.2012, 17:43